Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба (Службен весник на Република Македонија бр.43/14), член 23 и член 24 од Законот за работните односи (Службен весник на Република Македонија бр.167/15, 27/16, 120/18, 110/19, 267/20 и 151/21), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија и согласноста од Министерството за финансии бр. 18-4966/2 од 10.06.2021 година

**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2021**
**за вработување на 1 (едно) лице на определено време до 31.12.2021 година**
**на следното работно место**

**1.Раководител на одделение за материјално и финансово работење- 1 (еден) извршител**

Посебни услови:
Најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен економски факултет и најмалку 4 години работно искуство во струката

Неделно работно време 40 часа;
Дневно работно време 8 часа, од 07,30 часот до 15,30 часот;
Паричен нето износ на плата: 31.000,00 денари

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Заинтересираните кандидати, се должни да поднесат пополнета пријава за вработување на судски службеник (образец објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 236/18) со докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое се пријавуваат во оригинал или копија заверена на нотар:

-Уверение за завршено соодветно образование
-Доказ за работно искуство
-Уверение за државјанство
-Лекарско уверение за општата здравствена состојба
-Уверение или потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
-Диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски)
-Диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Пријавата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Напомена: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Пријавата со доказите, кандидатите се должни да ја доставаат непосредно во приемното одделение на судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**бул.Крсте Мисирков бр.8 Скопје**
**(со назнака за Јавен оглас број - 1/2021)**

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.
Изборот на кандидатите ќе се изврши најдоцна во рок од 15 дена, по истекот на рокот за пријавување